







Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

---

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Високонапонски постројки, Група заштита и погонски мерења, бараме:

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА РЕЛЕЈНА ЗАШТИТА И ПОГОНСКИ МЕРЕЊА (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Врши испитувања пред пуштање во погон на нови системи за релејна заштита, командно сигнални кола, системи за автоматска регулација на напон и AC и DC развод,
- Учествува во изготвување на планови и извршува редовни периодични испитувања на системи за релејна заштита и командно сигнални кола,
- Анализа на погонски настани и работа на системи за заштита; Прибавува документација и податоци потребни за сетирање на релеи и правилна работа на системот за релејна заштита,
- Води евиденција на вградени уреди во системите за релејна заштита, изготвува и архивира записници од извршени редовни и вонредни испитувања,
- Врши отклонување на недостатоци и дефекти, врши замена и поправки на елементи од системите за релејна заштита, командно сигнални кола, AC и DC развод,
- Врши ожичување на новопоставена или заменета опрема од системите за релејна заштита, секундарни струјни и напонски кругови и сигнализација,
- Учествува во подготвка и реализација на концепти, технички и тендерски спецификации потребни за проекти од инвестициона програма и проекти за ревитализација на ЕЕО,
- Врши погонски мерења во ЕЕО – громобранска инсталација и заземјување, напон на допир и чекор.

**Потребни компетенции**

- VI-VII степен, Електротехничко образование;
- Работно искуство 3 години
- Познавање и користење на MS Office, англиски јазик;
- Организациски способности, комуникација;
- Познавање на законодавство од областа, како и од безбедност и заштита при работа.

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 12.10.2023.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува